# Е-1 УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКА ПОСТАПКА ВО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ

## С О Д Р Ж И Н А


**Е-1-1 Вовед........ 2**
**Е-1-2 Дефинирање на воздухопловно приштаниште........ 2**
Е-1-2-1 Простории под царински надзор ........ 3
Е-1-2-2 Царински надзор на меѓународниот простор........ 3
**Е-1-3 Известување за редот на летање и поставеност на воздухопловот ........ 4**
**Е-1-4 Промет на патници во воздушниот сообраќај........ 5**
Е-1-4-1 Преглед на патници и нивниот багаж при заминување во странство ........ 5
Е-1-4-1-1 Преглед на воздухоплови кои заминуваат во странство ........ 6
Е-1-4-2 Преглед на патници и нивниот багаж по пристигнување од странство ... 6
Е-1-4-2-1 Багаж кој пристигнал одвоено од патникот ........ 7
Е-1-4-2-1-1 Постапка со багаж кој пристигнал одвоено од патник ........ 7
Е-1-4-2-1-2 Преглед на багаж кој пристигнал одвоено од патникот........ 8
Е-1-4-2-1-3 Чување на багажот кој пристигнал одвоено од патникот ... 8
Е-1-4-2-1-4 Упатување на багажот кој пристигнал одвоено од патникот до друг цар. орган или враќање во странство........ 9
Е-1-4-3 Претрес на воздухоплов ........ 10
Е-1-4-4 Екипаж ........ 10
Е-1-4-5 Транзитни линии ........ 10
**Е-1-5 Стоков промет на воздухопловното пристаниште ........ 11**
Е-1-5-1 Извоз на стока преку воздухопловно пристаниште ........ 11
Е-1-5-2 Увоз на стока преку воздухопловно пристаниште ........ 13
**Е-1-6 Транзитна постапка по воздушен пат ........ 14**
Е-1-6-1 Постапка на појдовниот аеродром ........ 15
Е-1-6-2 Постапка на одредишниот аеродром ........ 15
Е-1-6-3 Транзит по друмски пат ........ 16
**Е-1-7 Збирни пратки (консолидирани) ........ 16**
**Е-1-8 Постапка со стока која има статус на курирска брза пошта ........ 17**
Е-1-8-1 Постапка на увоз ........ 17
Е-1-8-2 Постапка на извоз ........ 18
Е-1-8-3 Транзит на стока испратена преку курирска брза пошта ........ 19
**Е-1-9 Резервни делови на воздухоплови ........ 19**
**Е-1-10 Снабдување на воздухоплови со стока ........ 20**
Прилог 1 - Манифест за багаж ........ 21
Прилог 2 - Карго манифест ........ 22
Прилог 3 - Пополнување на AWB ........ 23
Прилог 3 - AWB образец ........ 26
Прилог 4 - Пополнување на HAWB ........ 27
Прилог 4 - HAWB образец ........ 29

# Е-1 УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКА ПОСТАПКА ВО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ

## Е-1-1 ВОВЕД

Одредбите кои ја регулираат царинската постапка во воздушниот сообраќај се опфатени со неколку царински прописи и меѓународни конвенции.

Заради практична примена на истите Централната Управа на Царинската Управа го дава следното упатство со цел царинските службеници кои работат во делот на воздушниот сообраќај полесно да дојдат до саканите информации заради полесно и правилно спроведување на постапката во воздушниот сообраќај.

**Правна основа:**

- Царински закон службен весник на РМ бр. 39/2005год.
- Уредба за спроведување на царинскиот закон службен весник на РМ бр.66/2005год.
- Закон за Царинска Управа службен весник на РМ бр.46/04
- Меѓународна конвенција (конвенција за меѓународно цивилно воздухопловство-Чикашка конвенција)
- Законот за ратификација на спогодбата за трговија со цивилни воздухоплови (Службен весник бр. 96/2005)

## Е-1-2 ДЕФИНИРАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНО ПРИСТАНИШТЕ

Воздухопловите на кои им е дозволено да летаат преку царинското подрачје на Република Македонија, можат да летаат низ воздушните коридори кои се определени за меѓународен воздушен сообраќај, да слетуваат на воздухопловните пристаништа кои се отворени за меѓународен воздушен сообраќај и од нив да полетуваат.

Граничен премин преку кој се врши промет на патници или стока во согласност со царинските или други прописи во внатрешноста на државата се воздухопловните пристаништа за меѓународен воздухопловен сообраќај. Нив ги определува Владата на Република Македонија на предлог на министерот на финансии по предходно мислење на директорот на Царинската управа на РМ.

## E-1-2-1 Простории под царински надзор

Воздухопловното пристаниште кое е определено за меѓународен воздушен сообраќај се наоѓа под царински надзор. Делот од воздухопловното пристаниште, кое што се наоѓа под царински надзор се состои од:

- царинска платформа ( место одредено за паркирање на воздухоплови),
- чекални за патниците во меѓународниот воздушен сообраќај, заедно со локалите, продавниците и другите простоории поврзани со чекалната(во понатамошен текст:меѓународен простор),
- простор за сортирање на патничкиот багаж,
- простор за преглед на багажот кој што патниците го носат со себе,
- царинските магацини кои се регистрирани за прием и отпрема на стока.

## E-1-2-2 Царински надзор на меѓународниот простор

Во меѓународниот простор влегувањето и излегувањето на патниците, односно, внесувањето и изнесувањето на стоката се врши под царински надзор.
Сите влезови-премини од и во меѓународниот простор мора да бидат затворени, доколку на истите не е присутен царински службеник.
Освен патниците и членовите на екипажот на воздухопловот, кој лета во странство, односно е во транзит низ царинското подрачје, во

меѓународниот простор можат да влегуваат само царинските службеници, службениците на органот на внатрешни работи, работниците на надлежните инспекциски и здравствени органи, работниците на Министерството за сообраќај и врски надлежни за безбедност на цивилниот воздушен сообраќај и други лица кои работат во меѓународниот простор (персоналот на воздухопловното пристаниште, локалите и службите, како и превозниците). Сите наведени лица можат да влегуваат и излегуваат од меѓународниот простор само на влезовите кои се под надзор на работниците на органите за внатрешни работи и на царинските службеници.

Ако на воздухопловното пристаниште се дочекуваат или испраќаат македонски или странски државници, членови на делегации и други лица на службен престој во странство односно во Македонија во склад со протоколот, царинската постапка може да се спроведе на царинската платформа.
Во и на просторите под царински надзор можат да се движат и други лица кои имаат дозвола од органот за внатрешни работи и царинскиот орган (придружба, обезбедување, преведувачи, преставници на медиум и други лица).

## Е-1-3 ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕДОТ НА ЛЕТАЊЕ И ПОСТАВЕНОСТ НА ВОЗДУХОПЛОВОТ

Претпријатието за аеродромски услуги, домашните и странски авио компании кои вршат јавен превоз во воздушниот сообраќај се должни на царинскиот орган на воздухопловните пристаништа отворени за меѓународен воздушен сообраќај да им го достават редот на летање на воздухопловите во редовниот сообраќај, најдоцна седум дена пред почетокот на неговото важење.
Компаниите се должни благовремено да го известат царинскиот орган за:

- сите промени на редовниот ред на летање на воздухопловите
- специјални летови на воздухоплови,со назначување на часот на нивното доаѓање од странство или заминување во странство
- секое задоцнување на слетувањето,односно полетувањето подолго од половина час
- кога поради непредвидени околности,технички причини или

виша сила воздухопловот е принуден да се приземји на воздухопловното пристаниште.

- за летови кои би се извршиле надвор од официјалното време кога меѓународното воздухопловно пристаниште е отворено за меѓународен промет.

Воздухопловното пристаниште е должно благовремено да го извести царинскиот орган на кој дел од платформата ќе биде поставен воздухопловот, кој врши промет со странство. Известувањето по правило е во пишана форма, но може да биде и во електронска форма ако е така договорено со царинскиот орган.

Ако воздухопловот поради виша сила мора да слета надвор од воздухопловно пристаниште кое е отворено за меѓународен сообраќај, контролата на летање на воздухопловното пристаниште е должна да го извести најблискиот орган за внатрешни работи, кој ги става под надзор воздухопловот,багажот и за тоа веднаш го известува најблискиот царински орган.

## Е-1-4 ПРОМЕТ НА ПАТНИЦИ ВО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ

Воздухопловите, екипажот на воздухопловите, патниците, багажот на патниците и стоките, подлежат на царински надзор и тоа при доаѓањето од моментот на преминувањето на царинската линија, а при заминувањето до моментот на преминувањето на царинската линија.

Непосреден царински надзор врз воздухопловите на царинската платформа започнува веднаш по слетувањето, односно половина час пред полетувањето.

### Е-1-4-1 Преглед на патници и нивниот багаж при заминување во странство

Прегледот на патниците и екипажот кои заминуваат во странство и нивниот багаж на воздухопловните пристаништа се врши на определени царински контролни точки, а во посебни случаи царинскиот преглед може да се изврши и на друго место кое ќе го определи царинскиот орган.

Царинскиот орган може да ги спроведува сите мерки на царински надзор и секаков вид на контрола кои смета дека се неопходни за обезбедување на правилна примена на царинските и други прописи.(упатство за царинска постапка во патнички промет бр.-------)

**Е-1-4-1-1 Преглед на воздухоплови кои заминуваат во странство**

Царинскиот преглед на воздухопловот може да отпочне веднаш по поставување на истиот на царинската платформа, односно најдоцна половина час пред полетувањето. Во текот на царинскиот преглед, без дозвола на царинскиот орган никој не може да се приближи до воздухопловот.

Прегледот на воздухопловот ги опфаќа следниве мерки:

- споредба на манифестот со состојбата на стоката по количество и обележја на колетите;
- преглед на внатрешноста на делот за патници;
- преглед на санитарните простории;
- преглед на просториите за чување и подготовка на храна и пијалоци;
- преглед на стоката за продажба за време на летот;
- преглед на просторот за багаж.

**Е-1-4-2 Преглед на патници и нивниот багаж по пристигнување од странство**

При влегување во Република Македонија патниците и стоките што ги носат со себе, како и нивниот багаж подлежат на царинска контрола кога го напуштаат делот од воздухопловното пристаниште определено за меѓународен сообраќај. Прегледот на патниците и нивниот багаж на воздухопловното пристаниште се врши на определени контролни точки,а во посебни случаји царинскиот преглед и контрола може да се врши и на друго место кое ќе го определи царинскиот орган.

Царинскиот надзор и царинската контрола се спроведува селективно врз основа на анализа на ризик, со цел да се идентификува ризикот и да се утврди неговата големина и да се развијат потребните мерки за

процена на ризикот врз основа на критериуми развиени на национално ниво.(упатство за царинска постапка во патнички промет бр.---------)

## E-1-4-2-1 Багаж кој пристигнал одвоено од патникот

### E-1-4-2-1-1 Постапка со багаж кој пристигнал одвоено од патникот

Багажот што во меѓународниот воздушен сообраќај пристигнал одвоено од патникот (загубен багаж) превозникот, односно претпријатието за аеродромски услуги должен е да го пријави на царинскиот орган веднаш по слетувањето на воздухопловот. Рачниот багаж најден во воздухопловот и со багажот пронајден во царинската сала пред царинската контрола се постапува исто како и со багажот што не пристигнал со патниците.

Пријавувањето се врши на посебен манифест за багаж кој може да биде во пишана или електронска форма (прилог 1). Манифестот се пополнува во два примероци(еден примерок за царинскиот орган и еден примерок за службата за изгубен багаж) и треба да ги содржи следните елементи:

1. контролен број
2. број на лет
3. датум
4. аеродром на утовар
5. аеродром на истовар
6. список на багаж
    - 6.1 реден број
    - 6.2 број на привезок-таг
    - 6.3 тежина
    - 6.4 бр.на магацинска книга за цар.багаж
    - 6.5 име и презиме на патникот
    - 6.6 забелешка
7. место за заверка на упатен царински орган
8. место за заверка на приемен царински орган
9. место за потпис кој го превзел багажот (Служба за изгубен багаж / Превозник)

Податоците за багажот (манифестот) се евидентира во контролник за багаж кој пристигнал одвоено од патникот **К-17**.

**Е-1-4-2-1-2 Преглед на багажот кој пристигнал одвоено од патникот**

Прегледот на багажот кој пристигнал одвоено од патниците се врши комисиски, и тоа во присуство на царински службеник преставник на превозникот и еден член на претпријатието за аеродромски услуги.
Доколку стоките не подлежат на наплата на царински давачки и др.увозни давачки, багажот се става на располагање на претпријатието за аеродромски услуги кое врши достава на истиот на патникот. Во тој случај царинскиот службеник става забелешка на посебниот манифест, заверка со потпис, печат, факсимил и датум.

**Е-1-4-2-1-3 Чување на багажот кој пристигнал одвоено од патникот**

Багажот кој пристигнал одвоено од патникот, а подлежи на плаќање на увозни давачачки, се чува во посебен простор на службата за изгубен багаж.
Посебниот простор на службата за изгубен багаж се отварара согласно прописите кои важат за привремено чување на стоките, а истиот е должно да го обезбеди претпријатието за аеродромски услуги.

Багажот може да остане во просторот на службата за изгубен багаж најмногу шест месеци, сметано од денот на пристигнувањето. По истекот на рокот, потребно е багажот да се врати во странство или да се остапи на царинскиот орган на слободно располагање.
Ваквиот багаж комисиски се прегледува и предава на рефератот за продажба на стока при Царинска управа. Оваа комисија е составена од најмалку три члена. Еден преставник од надлежната царинска испостава, еден преставник од рефератот за продажба на стока при ЦУ на РМ и еден преставник од претпријатието за аеродромски услуги-служба за багаж.

**Е-1-4-2-1-4 Упатување на багажот кој пристигнал одвоено од патникот, до друг царински орган или враќање во странство**

Ако багажот се упатува до друг царински орган заради царинење и врачување на сопственикот, службата за изгубен багаж му поднесува на царинскиот орган посебен манифест за патничкиот багаж што пристигнал одвоено од патникот, во најмалку шест примероци.

Царинскиот орган ги заверува сите примероци на манифестот, еден примерок задржува, а другите ги предава на службата за изгубен багаж. Податоците за багажот (манифестот) се евидентира во контролник за багаж кој заминува одвоено од патникот **К-18**.
При упатување на багажот до друг царински орган, на багажот мора да се стави царинска пломба, а на манифестот да се означи бројот на ставената царинска пломба.

Службата за изгубен багаж ги предава на одредишниот царински орган багажот и преостанатите примероци од манифестот. Одредишниот царински орган ги заверува сите примероци од манифестот од кој еден задржува, еден и доставува до појдовниот царински орган како потврда за приемот на багажот, а другите примероци и ги враќа на службата за изгубен багаж.

Доколку сопственикот на багажот е патник што не може да присуствува на прегледот и царинењето на багажот, службата за изгубен багаж и поднесува на царинскиот орган писмена изјава од патникот.

Ако службата за изгубен багаж бара багажот да се врати во странство, царинскиот орган спроведува мерки на царински надзор како при редовно испраќање на багажот на патниците што заминуваат во странство.
Ако багажот што не пристигнал со патниците се царини, царинскиот орган постапува според прописите за постапка со стоките што патниците ги носат со себе. (упатство за царинска постапка во патнички промет бр.-----------)

Истата постапка се применува доколку багажот се испраќа со превозно средство по друмски пат.

## E-1-4-3 Претрес на воздухопловот

Ако постои сомневање дека во воздухопловот е скриена стока, царинскиот орган може да изврши претрес на воздухопловот.

Претресот на воздухопловот се врши во присуство на водачот на воздухопловот односно лицето кое тој ќе го овласти. Доколку се врши симнување или остранување на делови од воздухопловот, тоа го врши стручно лице во присуство на царински работник.

По извршениот претрес, царинскиот орган составува записник. Во него го наведува резултатот од претресот, а освен тоа и името на лицето присутно за време на претресот. Записникот го потпишуваат сите лица кои присуствувале при претресот.

## E-1-4-4 Екипаж

Екипажот на воздухопловот во меѓународниот воздушен сообраќај има предност при царински преглед.
Царинскиот орган може да одреди царинскиот преглед на стоките и багажот кој со себе го носат членовите на екипажот да се изврши на посебно место, ако за тоа на воздухопловното пристаниште има можност.

## E-1-4-5 Транзитни линии

Како транзитни линии се сметаат летови на воздухоплови преку царинското подрачје при кои воздухопловите слетуваат на меѓународни воздухопловни пристаништа на царинско подрачје согласно редот на летање или мораат да слетаат заради дефект, гориво, атмосферски услови.

Царинскиот преглед на предметите што со себе ги носат членовите на екипажот и патниците,како и нивниот багаж на транзитните линии по правило не се врши доколку патниците и екипажот не го

напуштаат воздухопловот или доколку се задржат само во меѓународниот простор.

## Е-1-5 СТОКОВ ПРОМЕТ НА ВОЗДУХОПЛОВНОТО ПРИСТАНИШТЕ

### Е-1-5-1 Извоз на стока преку воздухопловно пристаниште

При извоз на стока преку надлежната царинска испостава се применуваат постапките за извоз согласно упатството за извоз на стока бр.07-11219/1 од 09/11/2005год. изготвено од ЦУ на РМ.

По завршувањето на постапката од претходниот став, држателот на складот или превозникот терба да изготват карго манифест (прилог 2) и авионски товарен лист Air Waybill (прилог 3).

Карго манифестот мора да ги содржи податоците кои се предвидени со меѓународната спогодба на ИКАО, но најмалку следните:

1. назив на воздушниот превозник
2. број на летот
3. датум на летот
4. воздухопловно пристаниште за утовар на стоката
5. воздухопловно пристаниште за истовар на стоката
6. список на стокови пратки составен од следните податоци:
    - 6.1 сериски броеви на авионски товарни листови (AWB)
    - 6.2 број на пакети од секоја пратка посебно
    - 6.3 вид на стоката
    - 6.4 код за специјално карго
    - 6.5 бруто тежина на секоја пратка, заокружена на 0.5 кг.
    - 6.6 краено приемно-одредишно воздухопловно пристаниште на секоја пратка.
    - 6.7 забелешка за службена употреба (број на царински док.)
    - 6.8 вкупен број на пакети од сите пратки
    - 6.9 вкупна бруто тежина од сите пратки
7. име и презиме кој го изработил карго манифестот
8. број на почетна страница
9. број на крајна страница

Ако царинскиот орган, при споредба на состојбата на стоката со податоците од манифестот односно изводот од манифестот, не утврди неправилности, манифестот односно изводот од манифестот ќе го потврди и со тоа ќе дозволи стоката да се натовари во воздухопловот. Една копија ќе задржи, а другите ќе му ги врачи на водачот на воздухопловот или овластено лице од него.
Манифестот може да се достави и во електронска форма, ако е така договорено со царинскиот орган.

Доколку царинскиот службеник утврди дека состојбата на стоките не одговара на податоците од манифестот и од исправите кои ја пратат стоката, царинскиот службеник става забелешка на манифестот и исправите и со тоа го одбива манифестот, и ќе го врати со наведување на недостатоците и неправилностите и ќе определи рок во кој тие треба да се отклонат.

Ако на царинскиот орган манифестот и другите пропишани документи не му се достават во определениот рок, царинскиот орган може да нареди стоката да се врати во царинскиот склад под царински надзор.
Царинскиот орган по полетување на воздухопловот врши заверка на манифестот во контролникот за излезни манифести **К-15**, а примероците од царинските документи ги заверува во контролник за потврдување на извоз **К-5**.

Поради специфичностите во авио сообраќајот може да се случи целата стока да не се натовари во воздухопловот. Во тој случај излезниот карго манифест ги содржи податоците на стоката која заминала и истиот се заверува во контролникот за извозни манифести **К-15**, а на задната страна од царинскиот документ (ЕЦД) се става забелешка кои количини се заминати. Откако ќе замине и последниот дел од таа пратка по тоа ЕЦД, се заверува во контролник за потврдување на извоз **К-5**.

Ако извозната и транзитната царинска постапка е направена во друга внатрешна или гранична царинска испостава, стоката кога ќе пристигне на воздухопловното пристаниште, по проверка на исправноста на царинските обележја истата се сместува во

царинскиот склад за извоз под царински надзор. За понатамошна постапка за извоз на стоката се применуваат погоре наведените ставови.

## E-1-5-2 Увоз на стока преку воздухопловно пристаниште

Водачот на воздухопловот што доаѓа од странство, односно лице овластено за тоа е должно за стоките што ги превезува да му поднесе на царинскиот орган стоков манифест, односно извод од манифестот штом воздухопловот ќе слета на воздухопловното пристаниште, а за поштенските пратки согласно светската поштенска конвенција CN 38 (AV-7) и CN 41. (меѓународна поштенска конвенција во Токио во 1969год.)
Во карго манифест, врз основа на транспортните документи се внесуваат податоци за стоката која се превезува.

За исправноста на карго манифестот одговорен е водачот на воздухопловот односно лицето кое му го доставува манифестот на царинскиот орган.

Манифестот треба да ги содржи податоците согласно меѓународната спогодба ИКАО и согласно чл. 305 од УСЦЗ.

Податоците за личниот багаж што патниците го носат со себе не се запишува во манифестот.

Истоварот на стоките од воздухопловот се врши во присуство на превозникот или лице од аеродромското претпријатие кое е должно стоките да ги превземе и превезе до местото на сместување на стоките што ќе го одреди царинскиот орган. Царинскиот службеник ја утврдува состојбата на пакувањето на колетите и ги срамнува податоците за бројот и за ознаките на колетите на стоките со податоците во манифестот.

Ако царинскиот службеник утврди дека состојбата на стоките одговара на податоците од манифестот, тоа го потврдува на три примерока на манифестот, еден примерок задржува за себе и го евидентира во контролникот за влезни манифести **К-14**, другите два

примероци му ги дава на овластеното лице на аеродромското претпријатие за држателот на складот и за ставање стока на увид.

Доколку при истоварување на стоките од воздухопловот се утврди дека податоците од манифестот не се сложуваат со состојбата на колетите, царинскиот службеник за тоа става забелешка на манифестот, а лицето кое ја превзело стоката составува записник кој го потпишуваат превозникот, лицето од аеродромското претпријатие и царинскиот службеник.

Овластеното лице од превозникот или лицето од аеродромското претпријатие ја става стоката на увид на царинскиот орган врз основа на веќе утврдените податоци од манифестот или изводот од манифестот односно авионскиот товарен лист (Air Waybill).

Сместувањето на стоката во склад и понатамошните царински процедури ќе се применуваат согласно упаствата изготвени од страна на ЦУ на РМ за:

7. упатство за царински складови бр. 07-10713/1 од 28/10/2005г.
8. упатство за царинење на стока бр. 07-11784/1 од 25/11/2005 г.
9. упатство за транзит на стока бр. 07-11786/1 25/11/2005г.
10. упатство за облагородување на стока бр. 07-10846/1 од 02/11/2005г.

## Е-1-6 ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА ПО ВОЗДУШЕН ПАТ

Транзитната постапка е задолжителна за стока које се превезува по воздушен пат, само ако таа се натовара или претовара на некој од аеродромите во Република Македонија(чл. 222 од УСЦЗ).

Претпријатието за аеродромски услуги и авио компаниите кои вршат превоз на стоки во меѓународниот воздушен сообраќај можат да користат упростена транзитна постапка доколку за тоа добијат одобрение од страна на Царинската управа.

Упростената транзитна постапка вклучува употреба на карго манифест како транзитна декларација, и тоа во хартиена форма,

односно употреба на карго манифест во електронска форма доколку е така договорено со царинскиот орган.

Карго манифест содржински мора да се совпаѓа со чл. 305 од УСЦЗ

Манифестот исто така треба да ги содржи следните информации:

- име на авио компанијата која ја превезува стоката
- број на летот
- датум на летот
- име на аеродром на утовар(појдовен аеродром) и аеродром на истовар (одредишен аеродром)

Во манифестот исто така за секоја пратка се наведува:

- број на авионски товарен лист (air waybill)
- број на колети
- вообичаен трговски опис на стоката вклучувајќи ги и сите податоци за нејзина идентификација
- бруто маса

## E-1-6-1 Постапка на појдовниот аеродром

Ако стоките во транзит преку царинското подрачје на Република Македонија се упатуваат од едно на друго воздухопловно пристаниште во Република Македонија и се упатува во странство, се применува поедноставената транзитна постапка.
На царинскиот орган на аеродромот на заминување им се приложуваат за заверка најмалку пет примерока на манифестот, кој што се користи како транзитна декларација. Царинскиот орган ги заверува манифестите со датум и печат на царинскиот орган и потпис на царинскиот службеник. По заверката еден примерок од манифестот царинскиот орган на аеродромот на заминување задржува за себе и го заведува во контролникот **К-15** (излезни манифести). Еден примерок задржува аеродромското претпријатие или авио компанијата, а остатокот од примероците на манифестот ја пратат стоката.

### E-1-6-2 Постапка на одредишниот аеродром

Аеродромското претпријатие односно авио компанијата на одредишниот царински орган на аеродромот им приложува примерок од манифестот, кој што се користи како транзитна декларација. Заради контрола во прилог на манифестот царинскиот орган на одредишниот аеродром може да побара приложување на воздухопловните товарни листови за сите стоки, кои што се истовараат на аеродромот.

По извршената контрола царинскиот орган врши заверка на примероците од манифестот со датум и печат и потпис на царинскиот службеник. Два примероци задржува за себе и истите ги заведува во контролникот за влезни манифести **К-14**. Еден од примероците на манифестот задржува за себе, а другиот го враќа на појдовниот аеродром.

Доколку се јават неправилности во спроведувањето на упростената транзитна постапка одредишниот царински орган на аеродромот го известува појдовниот царински орган и се постапува согласно царинските прописи.

### E-1-6-3 Транзит по друмски пат

11. Воздухопловниот товар може да се превезува и по друмски пат, и тоа меѓу два аеродрома. Во ваков случај аеродромското претпријатие или авио компанијата поднесуваат транзитна декларација (редовна транзитна постапка, упатство за транзит на стока бр. 07-11786/1 25/11/2005г.) и во нејзин прилог задолжително го приложуваат карго манифестот.

## E-1-7 ЗБИРНИ ПРАТКИ (КОНСОЛИДИРАНИ)

Предмет на договорот за превоз на збирни пратки по воздушен пат може да се изврши и на заеднички товарен лист ( **master air waybill-MAWB)**

Заедничкиот товарен лист може да гласи на име на авио компанијата или на агентот кој што го организира транспортот.

Авио компанијата или агентот кој што ја формирал збирната пратка кон **MAWB** и збирниот карго манифест мора да го внесе и статусот за секоја одделна пратка на ниво на **HAWB** (поединечен авионски товарен лист) кои гласат поединечно на увозник-извозник и консолидиран манифест.

Збирниот карго манифест треба да ги содржи податоците кои се опишани во точка 5.1. од ова упатство,а во забелешка да стои ,,consolidation (збирно),, или скратено ,,consol,,.

Сите збирни манифести, **HAWB** и карго манифестот мора поради контрола да им бидат на располагање на царинскиот орган на аеродромот на заминување и пристигнување.

## E-1-8 ПОСТАПКА СО СТОКА КОЈА ИМА СТАТУС НА КУРИРСКА БРЗА ПОШТА

Курирската компанија која има статус на брза пошта своето работење треба да го регулира согласно царинскиот закон (примена на поедноставена постапка при увоз-извоз на стока).

### E-1-8-1 Постапка на увоз

Компанијата е должна на барање на царинскиот орган да му достави претходно список на пратки во пишана или електронска форма најдоцна два часа пред пристигнувањето на воздухопловот на воздухопловното пристаниште отворено за меѓународен воздушен сообраќај. Списокот на пратки е потребен заради спроведување на селективна контрола врз основа на анализа на ризикот, со цел да се идентификува ризикот и да се утврди неговата големина и да се развијат потребните мерки за процена на ризикот.

Увезаната стока пристигнува во царинскиот склад со **мастер товарен лист ( master air waybill -MAWB)** заедно со карго манифест. На нив се означени бројот на колетите (вреќи) и вкупната тежина (ставање на стока на увид).

Во царинскиот склад во присуство на царински службеник, курирската компанија врши дегрупирање на увезената стока според поединечен воздухопловен товарен лист (**house air waybill – HAWB / прилог 4)** и тоа во следниве две категории:

А. стоки ослободени од царина согласно царинскиот закон
Б. стока која подлежи на царински и др. давачки

Откако целата пратка ќе се дегрупира, царинскиот службеник врши селективен преглед на стоката согласно критериумите за селективност. По извршениот преглед и констатирањето на состојбата, царинскиот службеник ја заверува со свој потпис и факсимил така изготвената царинска пријава за стоката која е ослободена од плаќање на царина согласно царинскиот закон.

По ослободувањата на таквата стока, истита се подигнува од царинскиот склад од страна на овластен преставник на курирската компанија и се доставува до крајните приемачи.

Останатата стока, која подлежи на плаќање на царински и други давачки останува во царинскиот склад (стока на увид).

Сместувањето на стоката во склад и понатамошните царински процедури ќе се применуваат согласно упаствата изготвени од страна на ЦУ на РМ за:

- Упатство за царински складови бр. 07-10713/1 од 28/10/2005г.
- Упатство за царинење на стока бр. 07-11784/1 од 25/11/2005 г.
- Упатство за транзит на стока бр. 07-11786/1 25/11/2005г.
- Упатство за облагородување на стока бр. 07-10846/1 од 02/11/2005г.

### E-1-8-2 Постапка на извоз

Стоката која е наменета за извоз се ускладиштува во извозен царински склад.

По ускладиштувањето на стоката преставникот на курирската брза пошта најдоцна два часа пред полетувањето на воздухопловот до царинскиот орган доставува консолидиран манифест (список на пратки) и товарен лист (air waybill).

Царинскиот орган врши документарен преглед и согласно критериумите за анализа на ризик врши селективен преглед на стоката. По извршениот преглед на документите и стоката доколку нема неправилности царинскиот службеник со заверка на консолидираниот манифест и товарниот лист дозволува отпочнување на постапка за извоз.

Доколку се утврдат неправилности царинскиот службеник става забелешка за нивно остранување  по кое курирската брза пошта треба да постапи најдоцна два часа пред полетување на воздухопловот.

### E-1-8-3 Транзит на стока испратена преку курирска брза пошта

За транзит на стока испратена преку курирска брза пошта по воздушен пат важат правилата од точка 6 од ова упатство.

## E-1-9 РЕЗАРВНИ ДЕЛОВИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Согласно Царинскиот Закон (член 8), Законот за царинска тарифа (Службен весник бр. 103/2005), Уредба за спроведување на царинскиот закон (Службен весник бр. 66/2005, членови 207 до 215) Законот за ДДВ, Меѓународната конвенција за цивилна воздушна пловидба (Чикашка конвенција) и Законот за ратификација на спогодбата за трговија со цивилни воздухоплови (Службен весник бр. 96/2005, член 2), резервните делови кои се користат за цивилните

воздухопловите за: поправка, одржување, доработка, измена или пренамена не подлежат на царински и други давачки и за нивно пуштање во слободен промет ќе се применува поедноставена постапка.
Како поедноставена декларација може да се употреби комерцијален или друг документ (фактура, пакинг листа и AWB).
Поедноставената декларација се одобрува доколку комерцијалниот или друг вид на документ ги содржи сите податоци и поединости кои што се потребни за идентификација на стоката.

Тие податоци се:

- увозник (авио компанија)
- количина, вредност и вид на стоката
- број на колети и бруто маса
- број на летот

Поедноставената декларација се поднесува на влезниот граничен царински орган во два примерока, кој ја евидентира во контролник **К-16**, од кој добива редоследен број. Царинскиот службеник става датум и печат и еден примерок му враќа на подносителот. Другиот примерок останува кај царинскиот орган.
Истата постапка ќе се применува и за изнесување на авио деловите.

## Е-1-10 Снабдување на воздухоплови со стока

За снабдување на воздухоплови со стока важи упатството бр.07-11329/1 од 29/12/03.

**Напомена:** Упатството започнува да се применува од 01.01.2006 година.